БР. 8 година I август 2010

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА




- ВЕСТИ
- АНАЛИЗА
  Има ли визија за училиштата?
- ИСТРАЖУВАЊЕ
  Слабости во јавните набавки во Македонија
- ТРАНСПАРЕНТНОСТ
  За поголемо учество на граѓаните при донесувањето одлуки во општините
- КОСОВО - ТЕНДЕРИ
  Договор за лобирање го крши законот за тендери на Косово

# За месечникот

Центарот за граѓански комуникации е основан во април 2005 година, како невладино, непартиско и непрофитно здружение на граѓани. Веќе пет години секојдневно работиме на намалување на просторот за корупција во Македонија и на промовирање на принципите на „доброто владеење“, и на централно и на локално ниво.

Фокусирани сме на спроведување на два вида меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.

Во текот на секојдневното работење, ние и експертите со кои соработуваме доаѓаме до многубројни информации за корупциски и антикорупциски практики кај нас и во земјите од регионот и светот.

Со објавувањето на овој месечник за антикорупција и „добро владеење“ сакаме да ги поделиме тие информации со пошироката јавност, пред сè со претставниците на јавната администрација за кои сметаме дека се и најодговорни за борба против корупцијата и за воспоставување и почитување на принципите на „доброто владеење“.

Истовремено, нудиме и експертски анализи кои можат да послужат како извори на идеи и примери за подобрување на сегашната состојба со корупцијата во Македонија.

Отворени сме и сакаме да ни ги испраќате вашите мислења, идеи и ставови за антикорупциски теми и за практики на „доброто владеење“, но и да ни посочите на коруптивни практики и воопшто на постоење на простор за корупција. Тоа ќе ни послужи како основа за натамошно артикулирање на тие практики и проблеми, но и како помош при спроведување на нашите идни антикорупциски активности.

Корупцијата е едно од најголемите зла во Македонија, која ги уназадува развојот и напредокот на економијата, општеството и на луѓето кои живеат во него, ги нарушува конкуренцијата и слободното дејствување на фирмите на пазарот, го оневозможува владеење на вистинските вредности во животот и во работата, ги принудува младите и образовани луѓе да ја напуштаат земјава и овозможува незаконски бенефиции и богатење на државни функционери на сметка на осиромашување на другите луѓе и на уништување и злоупотреба на јавните добра.

Затоа, посочувајќи на корупциските практики и нудејќи идеи, добри примери и решенија од земјава и од странство, сметаме дека овој месечен билтен во крајна линија ќе придонесе за намалување на корупцијата во земјава и за унапредување на „доброто владеење“.

Месечникот се издава во рамки на годишната програма на Центарот за граѓански комуникации, која е поддржана од Програмата “CIVICA Mobilitas” а имплементирана од Центарот за Институционален Развој (ЦИРа) и е финансирана од Швајцарската Агенција за Развој и Соработка (SDC), претставена од Швајцарската Канцеларија за Соработка во Македонија, за што сме им искрено благодарни.

center@ccc.org.mk

ISSN 1857-7075

**Центар за граѓански комуникации**
**Бул. Кочо Рацин 26/1-2, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3213 513**
**www.ccc.org.mk**

**Издава:**
Центар за граѓански комуникации

**Уредувачки одбор:** Герман Филков, Сабина Факиќ, Елена Ристевска, Ана Петрушева

**Лектор:**
м-р Татјана Б. Ефтимоска

**Подготовка и печат:**
Винсент Графика

**Тираж:**
200 примероци

“Оваа публикација беше овозможен во рамките на програмата CIVICA Mobilitas - имплементирана од ЦИРа и финансиски поддржана од SDC. Овде наведените мислења се мислењата на авторот/ите и нужно не ги рефлектираат мислењата на ЦИРа и SDC”.

## ВО ОВОЈ БРОЈ

Стотина поранешни градоначалници, општински советници, бизнисмени и адвокати се соочуваат со вкупна казна затвор од 500 години и парична казна од една милијарда евра ако се докаже дека се виновни за обвинувањата за корупција при издавањето дозволи за градба и при продавањето државно земјиште во Марбелја, едно од најелитните и надалеку познатите одморалишта на југот од Шпанија. Три години му беа потребни на шпанското обвинителство да собере доволно материјал за да почне ова „судење на векот“, како што веќе го нарекоа европските медиуми.

Преку Атлантикот, пак, во Мексико, полицијата отпушти од работа дури 10 проценти од полицајците, бидејќи не поминаа на детекторот за лаги и на другите редовни тестови преку кои се проверува нивната вклученост во корупција и поврзаноста со нарко-мафијата. Отпуштањата се дел од залагањата на претседателот Фелипе Калдерон за пресметка со нарко-бандите, во која досега загинаа околу 28 000 луѓе.

Во Босна и Херцеговина – претставникот на ЕУ отворено обвини дека корупцијата е навлезена во сите пори на општеството и ги повика граѓаните да го имаат тоа предвид кога ќе гласаат.

Покрај овие вести, во овој број на билтенот нудиме и новинарска анализа на неуспесите на македонските власти целосно наменски да ги искористат домашните и парите од странските донации за обнова на училиштата низ земјата, констатирани и во последниот ревизорски извештај за ресорното министерство.

Во продолжение, ги претставуваме главните забелешки за процесот на јавни набавки во земјава, констатирани преку мониторингот на постапките за јавни набавки, што веќе две години, редовно го прави Центарот за граѓански комуникации. Освен за да се укаже на слабостите и на можните злоупотреби во јавните набавки, мониторингот е основа и за извлекување препораки за подобрување на состојбата, кои се испраќаат до надлежните институции во земјава.

Корупцијата е еден од главните проблеми и на соседно Косово, каде што аналитичарите сега се фокусирани врз решението на владата да најми една американска фирма како консултант за лобирање, ‘во четири очи‘ и без да спроведе каква било тендерска процедура.

Работни тимови составени лично од градоначалниците во четири општини од источна Македонија забрзано работат врз спроведување на препораките доставени до нив за преземање мерки за подобрување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста во нивното работење, како и за поголемо вклучување на граѓаните во донесувањето одлуки што се од важност за локалните заедници.

На крајот од овој број, се наоѓа и колаж од постери од антикорупциски кампањи, од неколку земји во светот. Иако сите имаат заеднички именител – спречување на корупцијата, сепак избраните илустрации на секој од овие постери говори за специфичностите во корупцијата и во борбата против неа во секоја од овие земји.

Се надеваме дека и ова издание на Месечникот за антикорупција ќе ве поттикне да размислувате за начините и за формите на спречувањето на ова зло и кај нас.



БР. 8 година I

# МАК

## МЕСЕЧНИК ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

## СОДРЖИНА


- 4 ВЕСТИ
- 6 АНАЛИЗА
  Има ли визија за училиштата?
- 8 ИСТРАЖУВАЊЕ
  Слабости во јавните набавки во Македонија
- 11 ТРАНСПАРЕНТНОСТ
  За поголемо учество на граѓаните при донесувањето одлуки во општините
- 13 КОСОВО - ТЕНДЕРИ
  Договор за лобирање го крши законот за тендери на Косово

## ПОЧНА ДОСЕГА НАЈГОЛЕМОТО СУДЕЊЕ ЗА КОРУПЦИЈА ВО ШПАНИЈА



Малага, Шпанија (ДПА) – Најголемиот корупциски процес во Шпанија почна со 95 луѓе обвинети за вмешаност во масовен поткуп во јужното туристичко одморалиште Марбелја. Меѓу осомничените се двајца градоначалници, еден заменик-градоначалник, поранешни градски претставници, претприемачи и адвокати.

Обвинителството тврди дека Градскиот совет на Марбелја рутински издавал дозволи за незаконски градби во замена за поткуп.

300 новинари и околу 100 адвокати го следат судењето, а судот беше обиколен од полициски кордон за време на процесот.

Росио Амиго, адвокат на Хуан Антонио Роса, поранешниот советник за просторно планирање на Марбелја, побара прекинување на судењето, но судот го одби неговото барање.

Рока, кој е наводно мозокот на корупциската мрежа, се сомничи дека насобрал богатство од 245 милиони евра додека работел за Градскиот совет на Марбелја, во периодот меѓу 1992 и 2003 година.

Корумпираните административци кои работеле со Рока наводно им дозволувале на претприемачите да градат на заштитено земјиште, да градат згради што не ги задоволувале стандардите, да купуваат општинско земјиште по незначителни цени и да добиваат договори без соодветна процедура за јавни набавки.

Рока е единствениот меѓу 95-темина осомничени кој во моментов се наоѓа во затвор. На тој пат се уште тројца од осомничените.

Меѓу осомничените за помали престапи се наоѓа Исабел Пантоха, една од најпознатите пејачки во Шпанија. Таа се сомничи за перење пари за сметка на Хулијан Муњоз, еден од главните осомничени, со кого таа започнала љубовна врска додека тој бил градоначалник на Марбелја.

Полицијата го откри овој корупциски синџир во операцијата позната како „Операција Малаја“ во март и април 2006 година. Тоа ја натера шпанската Влада да го распушти Градскиот совет во Марбелја и да постави принудни власти да раководат со градот сè до одржувањето на изборите во 2007 година.

Главните осомничени во овој корупциски случај се соочуваат со затворски казни меѓу 10 и 30 години. Сите обвинети се соочуваат со вкупна казна затвор од повеќе од 500 години и парични казни од околу една милијарда евра.

Судскиот процес се очекува да трае најмалку една година.

## КОРУПЦИЈАТА Е НАСЕКАДЕ ВО ОПШТЕСТВОТО



Бања Лука (Танјуг, Б92) – Високиот претставник во БиХ, Валентин Инцко, вели дека корупцијата во БиХ навлегла во сите пори на општеството и дека граѓаните треба да поведат сметка за тоа на претстојните избори.

Зборувајќи за време на антикорупциската иницијатива „Граѓаните за Европа“, која ја одржаа претставници на 34 невладини организации и 19 политички партии, Инцко рече дека во последно време во БиХ состојбата со корупцијата се влошила, што ги обесхрабрило инвеститорите и дополнително ги осиромашило граѓаните.

„Корупцијата влезе во сите пори на општеството, како рак, и граѓаните на оваа земја мора да мислат на ова кога ќе излезат на избори“, порача Инцко.

Истражувачкиот тим на иницијативата во изминатите шест месеци изработи препораки во врска со борбата против корупцијата, што според истражувањето, е еден од основните услови за интеграција на БиХ во Европа.

## МЕКСИКО ОТПУШТИ 10% ОД ФЕДЕРАЛНИТЕ ПОЛИЦАЈЦИ ВО 2010

(АП) – Федералната полиција на Мексико отпушти близу 10% од своите сили во 2010 година, бидејќи не поминале на детекторот за лаги и на други тестови наменети да откријат можна вклученост во корупција.

Сите 35 000 федерални полицајци на Мексико се принудени периодично да поминат на детекторот за лаги, на психолошки испитувања и испитувања за дрога, а Владата рутински ги истражува и нивните финансии и лични животи.

Комисионерот на федералната полиција, Факундо Росас, вели дека 3200 полициски офицери се отпуштени од работа оваа година бидејќи не ги исполнувале стандардите на службата. Тој не даде повеќе детали за отпуштањата.

На отпуштените полицајци им е забрането да се вработат во другите безбедносни служби. Освен овие отпуштања, други 1020 полицајци се соочуваат со дисциплински мерки.

Корупцијата е широко распространета во полицијата во Мексико, каде што се засилува конфликтот со бруталните нарко-картели. Полицијата често е вклучена во картелите, како што беше и последниот случај, кога пред недели беше извршен атентат врз еден градоначалник кој сакал да ги дисциплинира полицајците во својот град на северот од земјата. Истрагата покажа дека градоначалникот го убиле локалните полицајци поврзани со нарко-бандата Зетас, во знак на одмазда.

Скандал исто така изби и во федералната полиција. Пред две години, во корупциската истрага позната како операција „Чиста куќа“, беше соборен поранешниот антинарко-цар, Ное Рамирез, и други високи полициски службеници обвинети за заштита на бандата Белтран Лејва.

Ривалите од картелот Синалоа, кои расчистија со бандата Белтран Лејва пред да се случи операцијата „Чиста куќа“, честопати ги обвинуваа федералните полицајци дека ја штитат оваа банда. Годинава, весникот „Реформа“ објави дека бележник со имиња и телефонски броеви на федерални полициски офицери бил пронајден во автомобилот на еден од помошниците на лидерот на картелот Синалоа, Жоакин Гузман. Владата никогаш не ги потврди, ниту ги одрече овие наводи на весникот.

Претседателот Фелипе Калдерон, кој распореди десетици илјадници војници и федерални полицајци во упориштата на шверцерите на дрога, инсистира дека неговата влада се бори со сите картели подеднакво. Тој посочи кон редовните тестови за полицајците и кон акциите како „Чиста куќа“, како докази дека неговата влада исто така агресивно се бори против корупцијата. Насилството поврзано со дрогата во Мексико особено почна да расте откако Калдерон презеде поостри мерки против шверцерите со наркотици во 2006 година, што досега одзеде 28 000 животи. Само ова лето, војската откри тела на 72 мигранти од Централна и од Јужна Америка, за кои се верува дека се убиени од Зетас откако одбиле да криумчарат дрога, што се смета за досега најцрн масакр на оваа банда. Владата понуди награда од 1,15 милиони долари за информација која ќе води кон апсење на убијците.



Жаклина Ѓорѓевиќ, новинарка во „Утрински весник“

# ИМА ЛИ ВИЗИЈА ЗА УЧИЛИШТАТА?



Подрачното основно училиште „Тошо Арсов“ во штипското село Чардаклија триесет години е оставено само на себе. Годинава, првпат по триесет години, училиштето во кое учат само шест деца со помош на општината смогнало сили да вложи во подобрување на условите за настава. Никој од ресорното министерство не само што не вложил денар, туку и не се заинтересирал како функционира ова мало селско училиште, кое изгледа како да е од минатиот век бидејќи во него децата сè уште наместо во тоалет, одат во полско ве-це, поради тоа што во селото нема канализација. Чардаклија, за жал, не е единствената црна дамка во образованието од која би требало да се срамиме. Селските училишта како да се заборавени од времето, од луѓето, а најмногу од надлежните, кои прашање е и дали воопшто имаат стратегија за вложување пари во образованието.

Најновиот ревизорски извештај на Државниот завод за ревизија укажа на неспособноста на министерството да менаџира со буџетските пари кои се даваат за изградба и за реконструкција на училиштата. Ревизорскиот извештај укажа и на низа други пропусти во работењето на секторот образование. На пример, пазарење со учебниците, лошо менаџирање на проектите, доцнење со планови. И сето тоа на сметка на образованието и на учениците. Министерот за образование и наука, Никола Тодоров, се пофали дека ова е најчистиот ревизорски извештај на министерството. Сепак, и да е така, факт е дека во образовниот процес има „фалинки“ токму поради непостоењето критериуми и план за реализација на активностите.

Но, и милионски суми од странски донации постојано се расфрлаат за реновирање овде и онде, а ефектите не се толку очигледни како лошата слика која се добива со само една прошетка низ училиштата во земјава, посебно низ селските.

- Никој досега немаше слух за нашите проблеми, вели Димитар Параклиев, директорот на училиштето во Чардаклија, старо педесетина години. Затоа решивме ние да ги земеме работите во наши раце. Го ангажиравме техничкиот персонал во училиштето за да не плаќаме за работна рака. Со наши и со средства од општината ги реновиравме прозорците, вратите, а сега се на ред подот и таванот, објаснува директорот, кој се радува затоа што медиумите се интересираат за нивните проблеми.

Ова училиште не се најде на листата за реновирање и изградба на ресорното министерство, како десетици други кои изминативе години беа поправени со помош од Светската банка, од Швајцарската агенција за развој и соработка, од УСАИД или од ЕУ. И тоа, веројатно како и многу други, чека за ремонт, но поради пропустите на министерството ја изгубило шансата за подобар изглед.

Во најновиот ревизорски извештај се укажува дека министерството не успеало да ги искористи планираните 30 отсто од предвидените средства за реновирање на училиштата, па поради тоа овие пари се вратени во буџетот и се распределени на други буџетски корисници. -Министерството за образование и наука склучило најголем дел од договорите за реализација на Програмите за изградба и реконструкција на основни и средни училишта во јуни 2009 година. Во согласност со Законот за извршување на буџетот на РМ за 2009 година, буџетските корисници се должни да искористат најмалку 30 отсто од планираните капитални расходи до 30 јуни од тековната година. Доколку е реализацијата помала од предвидениот процент, неискористените средства до пропишаното ограничување (остатокот до 30 отсто) со ребалансот се пренесуваат во разделот - функции на државата. МОН не било во можност да ги искористи буџетираните средства за капитални расходи, односно да реализира најмалку 30 отсто од предвидените градежни зафати пред крајот на учебната година, се вели во извештајот на Државниот завод за ревизија. Во него ревизорите предупредиле дека со тоа се намалил буџетот на министерството, што го доведува во прашање реализирањето на програмите за изградба и реконструкција на училиштата. –Тоа може да предизвика неизмирување на обврските на МОН по основа на веќе склучени договори, поради што МОН може да

биде тужена страна и да плаќа затезни камати, се додава во ревизорскиот извештај.

Сериозни забелешки за изградбата и реконструкцијата на основните и средните училишта имаше и во претходните ревизорски извештаи. Во извештајот за 2007 година, ревизорите изнеле мислење дека „не се убедени во објективноста на прикажаните расходи за изградба и реконструкција на основните и средните училишта, за што биле исплатени 239 милиони денари“.

– Повеќекратната измена на Програмата за изградба и реконструкција на основни и средни училишта од аспект на износот на финансиските средства планирани по одделни училишта и од аспект на изборот на училиштата упатува на тоа дека МОН нема јасна и долгорочна стратегија за капитални инвестиции во оваа област, се наведува во извештајот на ревизорите, во кој се скенираше работата во 2007 година. Ревизорите изразиле сомневање во целата програма поради тоа што училиштата се градат со години, а МОН од една во друга година го избира истиот изведувач за изведување на градежните работи. Често имало и промени во количината на градежните материјали, а не се заведени ниту датумите на изведените работи.

Дека се нема конкретна стратегија за подобрувањето на условите во училиштата, докажуваат и контроверзните политики во министерството. Критикуван од ревизорите за пропустите со проектите за изградба и реновирање на училишта, министерот Тодоров најави дека во моментов се бара финансиска конструкција за реновирање на училиштата. Во друг наврат, за медиумите изјави дека се обезбедени 300 милиони денари за реновирање на руралните училишта, иако од друга страна, министерството објави тендер за изработка на студија за изградба на 108 училишта во руралните средини. Поточно, студија со која би се скенирала состојбата со училиштата на терен и покрај постоечките, би се изградиле сосема нови училишта. Тодоров појасни дека 108 е бројка на сосема загрозени училишта, за кои ќе ги испитаат можностите дали повеќе им се исплати да изградат нови или да ги реновираат постоечките. Замислено е селските училишта да бидат монтажни бараки, а ќе се постават по принципот на јавно-приватно партнерство, што значи дека нив ќе ги гради фирма, а министерството ќе ги користи како училишта, плаќајќи кирија за нив со години.

Која од овие визии ќе се оствари, останува да се види. Но, јавноста остана гладна за одговори околу тоа колку училишта се реновирани во изминатиов период и како се направило тоа, како и за тоа уште колку училишта преостанува да бидат реконструирани. Одвреме-навреме ќе прострујат информации дека се завршила некоја реконструкција, но генералната слика не ја знаат ниту надлежните кои деновиве испратиле писмени барања до училиштата во државава за да им ја опишат состојбата, иако во Министерството за образование и наука постои Просветен инспекторат, чиишто инспектори би требало да ги посетуваат училиштата и да известуваат за нивната состојба.

Наспроти дотраените објекти, врати и прозорци, како и старите тоалети, во училиштата стигнаа компјутерите кои се дел од проектот „Компјутер за секое дете“, како и новите лаптоп-компјутери, наменети за основците до трето одделение и за наставниците . Македонија можеби може да се пофали дека е предводник во однос на компјутеризацијата на училиштата, но од друга страна, веројатно е и шампион во однос на старите училишта кои изгледаат како да се пресликани од некое друго минато време. И како по навика, за состојбата во училиштата се виновни сите, освен надлежните. Министерот за образование Тодоров изјави дека ќе бара одговорност од општините за тоа како се трошат парите кои тие им ги префрлаат за училиштата. Но, и за тоа нема критериуми, што повторно се најде под лупа на ревизорите.

- Општините се надлежни за основање, за финансирање и за администрирање на основните и средните училишта во соработка со централната власт. За финансирање на оваа надлежност, МОН пренесува средства за извршување на наведените работи во форма на наменски и блок-дотации , се појаснува во извештајот на ДЗР. Но, се додава и дека: „во рамките на своите надлежности во образованието, општините не применуваат критериуми за распределба на средства од дотацииите до крајните корисници – училиштата, што може да доведе до необјективна и нетранспарентна распределба на средствата по корисниците“. Ревизорите ова го оценија како системска слабост, што остава сомнеж за тоа како градоначалниците им префрлаат пари на училиштата и дали, можеби, го прават тоа според нивните „вкусови“.





# СЛАБОСТИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО МАКЕДОНИЈА

Центарот за граѓански комуникации од Скопје, од ноември 2008 година наваму, континуирано го анализира спроведувањето на процесот на јавните набавки во РМ, кој е регулиран со Законот за јавни набавки. Целта на анализата е да оцени како се спроведува процесот на јавните набавки во светло на релативно новиот закон за јавни набавки и дали и колку функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Анализата на процесот на јавните набавки во РМ се прави врз основа на мониторинг на случајно избрани постапки за јавни набавки (по 40 на секое тримесечје). Мониторингот започнува од објавите на повиците во „Службен весник", преку присуство на јавните отворања, до собирање податоци за текот на постапката преку длабински интервјуа и структурирани прашалници кои им се доставуваат на економските оператори, како и од податоците собрани од договорните органи преку барања за пристап до информации од јавен карактер.

Последната анализа е направена врз основа на мониторинг на 40 постапки на договорни органи на централно и на локално ниво, чиишто јавни отворања се одвиваа во периодот од април до јуни 2010 година. Во согласност со утврдената методологија, во вториот квартал беа мониторирани 25 постапки од договорни органи на централно ниво и 15 постапки кои се спроведени на локално ниво од општините Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Кичево и јавните претпријатија основани од нив.

## Клучни наоди од мониторингот

**Опаѓа интересот на компаниите за учество во јавните набавки.** Во дури 40% од мониторираните постапки, понуди доставиле само една или две компании. Конкуренцијата, како еден од основните предуслови за ефикасно и рационално трошење на јавните пари, е само навидум обезбедена.

**Секој четврти тендер е поништен.** Загрижувачки е што во секоја од поништените постапки просечно учествувале двојно повеќе компании отколку во постапките каде што е извршен избор на најповолна понуда.

**Се користат спорни елементи при изборот на најповолна понуда.** Договорните органи, и покрај сите укажувања, ја продолжуваат практиката за избор на најповолна понуда да користат елементи со кои најчесто не се обезбедува рационално и ефикасно трошење на јавните пари, туку поголема можност за избор на фаворизираниот понудувач.

**Одредени понудувачи се фаворизираат преку начинот на кој се дефинирани тендерските документации.** Дел од техничките спецификации во мониторираниот примерок отворено упатуваат на конкретен производ или понудувач, со исклучително детални описи на бараните производи и со наведување конкретни имиња на производители.

**Нетранспарентната постапка за склучување директни договори за јавни набавки без објавување оглас зема замав.** Во второто тромесечје од годинава, склучени се 172 вакви договори во вредност од 6,1 милиони евра, што е за 49% повеќе од истиот период минатата година, кога биле склучени 231 договор во вкупна вредност од 4,1 милиони евра.

**Само 4,2% од сите постапки се спроведени целосно по електронски пат, а во околу 12% од постапките се користени електронски аукции.** Електронскиот систем за јавни набавки, којшто игра исклучително значајна улога во зголемување на транспарентноста на јавните набавки, сè уште не се користи доволно за спроведување на самите постапки за јавни набавки, а голем број договорни органи се далеку од достигнување на законски предвидената квота од 30% електронски аукции.

**Нема детални известувања до компаниите за изборот на најповолната понуда.** Наспроти законската обврска за договорните органи детално да ги информираат компаниите за својот избор, во известувањето за одлуката за избор на најповолната понуда (која компаниите најчесто ја добиваат во законскиот рок од 3 дена), се наведува само името на економскиот оператор чија понуда била избрана.

**Се намалуваат барањата за плаќање надомест за подигнување на тендерската документација.** Констатиран е значителен напредок во однос на минатата година, кога во истиот мониториран период документацијата беше бесплатно поделена само во 12,5% од постапките, наспроти сегашните 55%.

**Опаѓаат барањата за банкарска гаранција на понудата**. Банкарска гаранција беше побарана во 42,5% од примерокот со што, иако минимално, сепак продолжи трендот на намалување на практиката на договорните органи да бараат од економските оператори банкарска гаранција за доставената понуда.

**Пораст на одлуките на Државната комисија за жалби по јавни набавки за целосно поништување на постапките.** Оваа комисија, во првите шест месеци од годинава, почесто донесувала одлуки за целосно поништување на постапките за јавни набавки отколку минатата година, што говори за зголемување на повредите и злоупотребата на Законот за јавни набавки од страна на договорните органи.

## Препораки за унапредување на состојбата во јавните набавки

Врз основа на детектираните слабости во областа на јавните набавки во Македонија, Центарот за граѓански комуникации предлага и конкретни препораки за мерки што треба да се преземат за унапредување на системот на јавни набавки и за намалување на просторот за злоупотреби.

Тенденциите на намалување на конкуренцијата треба да влезат во фокусот на посеопфатно истражување на Бирото за јавни набавки, со цел прецизно да се утврди уделот на постапките за јавни набавки со мал број на понудувачи. Воедно, имајќи предвид дека поинтензивната конкуренција треба да резултира со пониски цени и со подобар квалитет на производите и услугите што ги купуваат договорните органи, надлежните институции мора да ги отстранат детектираните бариери кои ги попречуваат компаниите за поголемо учество во јавните набавки.

Договорните органи да не го користат перфидниот начин на фаворизирање на понудувачи со поставување високи критериуми поврзани со економско-финансиската состојба на економскиот оператор, кои се непропорционални на видот и обемот на набавката.

Големиот број поништени постапки треба да биде сигнал за надлежните институции, особено за Бирото за јавни набавки, да иницираат измени на Законот за јавни набавки во насока на ограничување и строго дефинирање на можностите за поништување на постапките, вклучувајќи и санкционирање во случаите на злоупотреба, со што би се операционализирале и пропишаните законски принципи на ефикасност и рационалност на јавните набавки.

Договорните органи да не користат во критериумот „економски најповолна понуда“ манипулативни елементи кои одат во насока на фаворизирање на одделни понудувачи и дискриминација на другите. Тие елементи треба да бидат содржани во тендерската документација, како услов за учество на економскиот оператор, или во техничката спецификација, како стандард кој треба да го задоволува стоката или услугата. Кога се користи критериумот „квалитет“, тогаш договорниот орган задолжително треба уште во самиот оглас да ги наведе под-критериумите или детално да го разработи начинот на кој ќе се врши неговото бодување. Во овој контекст, препорачуваме Бирото за јавни набавки да изработи препораки и насоки за договорните органи заради усогласено и прецизно дефинирање на критериумите и нивна доследна примена.

Да се охрабрат економските оператори да доставуваат жалби до Државната комисија за жалби по јавни набавки секогаш кога ќе констатираат дека техничките спецификации упатуваат на конкретен производ или понудувач. Сега ова не се практикува и вистинска реткост е компаниите да доставуваат жалби за спорни тендерски документации.

Бирото за јавни набавки треба да изврши анализа на опфатноста, законската целесообразност, транспарентност и конкурентност и ако оцени дека е тоа опортуно, да предложи намалување на флексибилноста за користење на постапките за преговарање без објавување на оглас. Воедно, потребно е Бирото да ги следи овие преговори, а договорните органи да имаат обврска да го известуваат за текот на постапката до склучувањето на договорот.

Бирото за јавни набавки треба да преземе и технички мерки против недоследната примена на електронскиот систем во постапките за јавни набавки, а потребна е и поголема ангажираност на Владата за почитување на оваа законска обврска. Договорните органи мора многу почесто да ги користат е-набавките и пред сè, е-аукциите, затоа што тие, од една страна, овозможуваат поголема ефикасност во постапките и заштеда на буџетски средства, а од друга страна, нивното користење претставува законска обврска.

Договорните органи да почнат доследно да го применуваат членот 168 од Законот за јавни набавки, кој пропишува детално образложување на причините за избор на најповолна понуда или за отфрлање на одреден понудувач. Неопходна е поголема ангажираност на Бирото за јавни набавки во насока на укажување на договорните органи за доследно почитување на ова законска обврска заради отстранување на сомневањата за субјективност и фаворизирање на одделни економски оператори.

Респонзивноста на Бирото за јавни набавки на барањето за законско поставување на краен рок за донесување одлука за избор или за поништување на постапката треба да биде проследена и со поголема агилност на договорните органи да го забрзаат донесувањето на одлуките и да не ги одолговлекуваат постапките за јавни набавки.

Бројот на објавени тендерски документации на Електронскиот систем за јавни набавки и на тендерски документации за чиешто подигнување не се наплаќа надомест и натаму треба да се зголемува. Бирото за јавни набавки и натаму да ги контролира, да им укажува и да ги спречува оние договорни органи кои сакаат да наплатат високи суми за надомест за тендерската документација, што не кореспондира со реалните трошоци.

Банкарската гаранција да не се поставува како формален услов за учество во секоја постапка за јавна набавка, а во случаите кога се бара гаранција, да се настојува таа да се утврди во помала вредност од законски утврдениот максимум до 3%.

Подготвеноста на договорните органи да ги стават на увид на јавноста информациите за спроведените јавни набавки е своевиден гарант дека во постапката се почитувани правилата и дека парите на граѓаните се трошат наменски и рационално. Оттука, од клучно значење е и натаму да се работи врз зголемување на транспарентноста на институциите преку редовно доставување на овие податоци. Воедно, надлежните органи треба да ја анализираат и содржината на доставените евиденции за малите набавки, за да ја оценат целисходноста на трошењето преку овој вид јавни набавки.



# ЗА ПОГОЛЕМО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКИ ВО ОПШТИНИТЕ

Четири општини од источна Македонија, Штип, Струмица, Виница и Свети Николе, веќе неколку месеци работат врз спроведување на препораките за унапредување на своето работење, сугерирани од проектот на УСАИД за транспарентно однесување. Станува збор за вкупно 44 препораки, чиешто спроведување ќе ги зголеми транспарентноста, отчетноста и одговорноста на овие локални самоуправи, а ќе обезбеди и механизми и практики за поголемо учество на граѓаните при процесот на донесувањето одлуки во нивните општини. Препораките се различни од една до друга општина. Основа за нивното креирање претставуваат сознанијата добиени од истражувањето на актуелните практики во овие општини, како и од серијата дебати, посети на општините и разговори со претставниците на општинските администрации. Посебен акцент во препораките се стави врз унапредувањето на оние практики за кои има и најмногу поплаки од граѓаните, од бизнисмените и од невладините организации во овие општини.

## На што се однесуваат препораките?

Препораките, генерално, можат да се поделат во три групи. Првиот дел од нив се насочени кон подобрување на информирањето на граѓаните, во смисла да се направат подостапни информациите за услугите што ги даваат општините, заедно со потребните документи за тие услуги, роковите за давање на услугите, како и цените за нив. Иако секоја од спомнатите општини ги обезбедува овие информации, или барем дел од нив, на различни начини, сепак граѓаните имаат тешкотии во доаѓањето до тие информации кои или се истакнати нецелосно, или се наоѓаат на не толку недостапни места, или се ситни и недоволно читливи. Во дел од препораките од оваа група, од општините се бара да ги надополнат своите интернет-страници со информации од поголема корист за локалната заедница. Следната група препораки се однесува на креирањето и на подобрувањето на процедурите или на постапките за работење било за услугите што општините им ги даваат на граѓаните, било за постапување по поплаки, жалби или, воопшто, претставки од граѓаните.



Во третата група спаѓаат препораките кои од општините бараат формирање на некое работно тело или пополнување на одредено работно место што е значајно за унапредување на работењето на општината од аспект на транспарентноста, отчетноста и одговорноста.

## Поддршка од градоначалниците

Во секоја од спомнатите општини е формиран тим за спроведување на препораките, составен претежно од началници на одделенијата во општините. Тимовите имаат различен број луѓе во секоја општина, во зависност од бројот на препораките што треба да се применат, од обемот на активностите што треба да се преземат, како и од моменталните расположливи капацитети на општината. Бројот на луѓето во тимовите се движи меѓу 4 и 7 членови. Како и да е, во секоја општина, членовите на тимовите се дел од пошироките групи што беа обучени за унапредување на практиките во работењето. Желбата и посветеноста во подобрувањето на работењето на секоја од општините што учествува во проектот се докажува и преку целосната поддршка што градоначалниците на општините ја даваат во спроведувањето на препораките. Имено, составот на работните тимови и нивната работа е директно поддржана од градоначалниците, кои лично ги донесоа и ги потпишаа одлуките за формирање на тимовите и постојано ја следат нивната работа.





## До каде е спроведувањето?

Имајќи предвид дека секоја од општините спроведува различни практики и дека во секоја од нив граѓаните, бизнисмените и претставниците на невладиниот сектор се различно задоволни од работата на општинската администрација – и препораките се разликуваат од една до друга општина. Оттука произлегува и различниот степен на нивно спроведување во првите неколку месеци откако препораките беа доставени до општините и откако беа формирани тимовите за нивно спроведување. Пресекот на направеното во првите три месеци од работењето вели дека сите општини се на добар пат да ги спроведат препораките во целост. Разбирливо, први се спроведени оние препораки кои целосно зависат од ангажманот на вработените во општините и кои беа полесни за спроведување. Потоа, општините се посветија на спроведување на препораките кои бараат посериозен ангажман и одделување на поголем дел од работното време за редовните обврски. Во преостанатиот период останува да се спроведат препораките кои вклучуваат развивање на стратегии и планови за одредени процеси и активности или, пак, за кои треба да се донесат одлуки за одредени кадровски зголемувања. Особено во делот на подготовка на стратегии и стандардизирање на одредени постапки и процедури во работењето, членовите на тимовите за спроведување на препораките ќе бидат помогнати од претставниците на проектот, трите партнерски организации: НВО Инфоцентарот, Центарот за граѓански комуникации и Едукативно-хуманитарната организација ЕХО. Следењето на спроведувањето на препораките го прават локални невладини организации кои делуваат во секоја од овие општини, Организациите на жените во Струмица и во Свети Николе и ИНИ од Виница.

## Следни активности

Крајот на годинава ќе значи и заокружување на неколку активности од проектот, но и од работата на општините што се вклучени во него. Најпрво, во секоја од општините ќе се одржат средби со претставници на страните вклучени во активностите – општинските администрации, бизнисмените, невладините организации и граѓаните. На средбите ќе се направи сумирање на резултатите од работењето на општините во 2010 година, од аспект на нивната отвореност кон сите овие засегнати страни. Потоа, работните тимови од општините на заедничка средба ќе ги разменат искуствата од спроведувањето на препораките, но и воопшто, за работењето на нивните општини. Идејата е сите добри практики кои функционираат во овие општини да се пресликаат од една во друга општина како готови решенија кои можат веднаш да се применат, се разбира, со одредена адаптација на условите во соодветните општини. Годината ќе заврши со публикација во која ќе се прикажат моменталните практики во општините во насока на задоволување на потребите на граѓаните. Книгата, освен тоа, ќе понуди и неколку примери за најдобри практики во спомнатите општини, кои можат натаму да се искористат и од другите општини од Македонија. На крајот ќе се измери степенот на задоволство на граѓаните и ќе се спореди со нивното задоволство од декември минатата година. Задоволството се мери преку специјално креиран индекс за оваа потреба, кој во себе содржи 13 параметри. Поместувањето кон подобро ќе значи дека општините се потранспарентни, поодговорни и поотчетни во своето работење и повеќе ги вклучуваат граѓаните, бизнисмените и невладините организации во процесот на донесувањето одлуки важни за секоја од овие групи и, воопшто, за вкупниот живот во локалните заедници.






# ДОГОВОР ЗА ЛОБИРАЊЕ ГО КРШИ ЗАКОНОТ ЗА ТЕНДЕРИ НА КОСОВО

Одлуката на Приштина да ја најми врвната американска фирма „Патон Богс“, без да ги земе предвид ривалските понуди, е непочитување на косовските закони за тендерирање.

Од Лоренс Марзук и Петрит Чолаку,
*Балкан инсајт*

Косовската влада доделила годишен договор за лобирање вреден 600 000 евра без да се отвори тендерски процес, дознава *Балкан инсајт*.

Одлуката да ѝ се додели едногодишната профитабилна зделка на една од врвните лобирачки фирми од Вашингтон, „Патон Богс“, е безобѕирно кршење на законот за јавни набавки.

Според законот, Кабинетот на премиерот, кој го води процесот, требало да добие дозвола од Агенцијата за јавни набавки пред да додели таква зделка.

Бидејќи од Кабинетот на премиерот одлучиле да преговараат за цената со само една фирма, тие требало да го пријават тоа во Агенцијата, приложувајќи документи што ќе покажат зошто сметаат дека само една фирма би можела да ги испорача услугите.

Дури во тој случај, според законот, на Владата ќе ѝ било дозволено да започне преговори со конкретна компанија за лобирање.

На 5 октомври, Владата донела одлука да додели договор во вредност од 50 000 евра месечно на „Патон Богс“, за „ да ги промовира и да ги штити интересите на институциите на Република Косово во странство“.

Раководителот на Агенцијата, Мурсел Рачај, изјави за *Балкан инсајт* дека не бил свесен оти е доделен договорот. „Немам никакви информации за тој случај“, додаде тој. „Не се сеќавам ништо за овој конкретен договор“.

Рачај не можеше да открие какви било документи во Агенцијата што можат да се поврзат со зделката, иако потврди дека Агенцијата прво треба да се согласи за доделување на договорен договор.

Портпаролот на Владата, Мемли Красниќи, во вторникот изјави за *Балкан инсајт* дека на Владата ѝ било дозволено да користи тендерски процес со „еден извор“, при што само на една компанија ќе ѝ биде овозможено да конкурира и дека договорот ќе биде потпишан за „неколку дена“.

Тој тврди дека зделката била добра работа за Косово. „Ова е она што ни треба како на држава и како на влада“, вели тој.

Запрашан дали Владата го следела процесот пред да се договори на зделката, тој му препорача на *Балкан инсајт* да контактира со правното одделение при Министерството за економија и финансии, велејќи дека тие биле „одговорни за финансирање на проектот“.

Раководителот на правното одделение при Министерството за економија, Лулезим Рафуна, рече за *Балкан инсајт* дека треба да стапиме во контакт со правното одделение во Кабинетот на премиерот. „Ние немаме никаква врска со ова“, тврди Рафуна.

Раководителот на правното одделение во Кабинетот на Премиерот, пак, ни препорача да зборуваме со одделението за набавки.

Раководителот на одделението за набавки во Кабинетот на Премиерот, Иса Хајдари, потоа побара од нас да зборуваме со портпаролот на Владата, Мемли Красниќи.

Кога *Балкан инсајт* повторно разговараше со Красниќи во четвртокот и го информира дека Агенцијата за јавни набавки не добила барање за откажување на вообичаениот тендерски процес, тој изјави дека Владата, всушност, не склучила договор со компанијата. Таа само „дала сугестија да се соработува со нив“.

„Сè уште не е донесена одлука, а договорот уште не е потпишан“, додаде портпаролот.

Меѓутоа, тврдењата дека Владата само „соработувала“ со „Патон Богс“ се чини дека се контрадикторни со соопштението за јавност на владата, објавено по нејзината седница одржана на 5 октомври.

Во него се вели дека Владата „одлучила да ја ангажира компанијата *Патон Богс ЛЛМ*“.

Во официјалниот извештај од средбата, се наведува дека една од одлуките била донесената „согласност да му се исплаќаат на *Патон Богс* 50 000 евра месечно за неговите услуги“.

Авни Зогиани, претседател на невладината организација за борба против корупцијата *Коху*, изјави дека не е изненаден што Владата не го почитува законот.

Тендерите и договорите за меѓународните консултанти честопати се под силно влијание на политичките интереси, вели тој.

„Владата назначува лобисти на кои им должи зашто тие ѝ помогнале да дојде на власт“, изјави Зогиани за *Балкан инсајт*.

Експерт од фирмата за лобирање во Вашингтон изјави за *Балкан инсајт* дека иако 50 000 евра месечно не е премногу за таква врвна фирма како „Патон Богс“, отворениот тендерски процес ќе резултирал со тоа добри компании да дадат понуди со ниски цени.

Советник за надворешни работи во „Патон Богс“ е Френд Виснер. Поранешниот државен секретар во времето на Џорџ Буш, Кондолиза Рајс, го назначила Виснер како специјален претставник на САД во разговорите за статусот на Косово во 2005 година, во кои тој одиграл пресудна улога за преговарање во врска со независноста на Косово.

Не постојат знаци дека „Патон Богс“ постапувал несоодветно при добивањето на договорот.








CORRUPTI ON
Mani




ORUPCIJA
TI UZIMA SVE!
PRIJAVI SLUČAJ


家有金山银山 一日不过三餐
平安是福




I think....
BALLOT
...He is corrupt

## За Центарот за граѓански комуникации

Центарот за граѓански комуникации е невладино, непрофитно и непартиско здружение на граѓани чија главна мисија е да ја подобрува и развива комуникацијата меѓу сите општествени фактори во Република Македонија за процесите од поширока општествена важност, како и да ги набљудува, анализира и унапредува општествено-политичките и економските процеси во земјата, пред сè од областа на антикорупцијата, локалната самоуправа и економскиот развој.
Центарот за граѓански комуникации ја остварува својата мисија преку организирање и спроведување на истражувања, анализи, мониторинзи, обуки, семинари и трибини, како и издавање извештаи, публикации и прирачници за работа.
Во своето петгодишно дејствување, Центарот за граѓански комуникации ја фокусира својата работа врз две групи на меѓусебно поврзани активности: мониторинг и откривање на корупциски практики и врз основа на тоа препорачување на мерки и политики за намалување на просторот за корупција и унапредување на способноста на новинарите и на посебната улога на медиумите во борбата против корупцијата во земјава.
Позначајни активности кои се спроведени или се спроведуваат во оваа насока се:

Проект за транспарентно локално владеење (2009-2012)
Проектот развива механизми за зголемување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста на локалните самоуправи во Македонија, поттикнување на поголемо учество на граѓаните и на локалната бизнис заедница во процесот на одлучување во локалните самоуправи и размена на најдобри практики и искуства меѓу опшините како во земјава така и во регионот. Проектните активности ќе придонесат кон намалување на нивото на корупција во локалните заедници и кон засилување на довербата на граѓаните и бизнис претставниците во локалните власти. Проектот се спроведува во партнерство со невладините организации ЕХО од Штип и НВО Инфо-центар од Скопје, а е финаниски поддржан од УСАИД Македонија.

Мониторинг на јавните набавки на централно и на локално ниво (2008-2010)
Проектот го анализира спроведувањето на процедурите и системот на јавни набавки во земјава во светло на новиот Закон за јавни набавки, а од аспект на транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства при јавните набавки. Се следат и анализираат 160 случајно избрани постапки за јавни набавки годишно, преку директно следење на отворањето на понудите, длабочински интервјуа со понудувачите и со органите кои ги распишуваат набавките, прибирање информации од Бирото за јавни набавки и од другите вклучени институции. Резултатите од мониторингот вклучуваат и препораки за унапредување на процесот на јавни набавки. Проектот е финансиски поддржан од ФИООМ.

Засилување на улогата на медиумите во борбата против корупцијата (2008-2009)
Проектот ги унапредува новинарските стандарди за истражување и известување за корупцијата и го засилува капацитетот на медиумите за остварување на нивната улога во борбата против корупцијата. Појдовна основа е длабочинска анализа за начинот на кој македонските медиуми известуваат за коруцијата и за детектирање на главните слабости во тоа известување. Врз таа основа се извлекуваат препораки за унпаредување на новинарските стандарди, чие спроведување се обезбедува преку тренинг на 12 истражувачки новинари од водечките медиуми во земјава. Со овие активности се надминува еден од главните проблеми детектирани во Државната стратегија за намалување на корупцијата – несоодветно покривање на корупцијата од страна на медиумите. Проектот е финансиски поддржан од УСАИД Македонија.

Мерки за намалување на корупцијата во Македонија (2007-2008)
Откако со првата фаза од проектот беа утврдени најранливите области на корупција во Македонија,  преку овој проект се создадени и препорачани вкупно 156 конкретни мерки кои треба да се преземат од властите за да се стесни просторот за корупција. Проектот вклучуваше споредба со најдобрите практики во другите земји, серија работилници на кои експерти и претставници на заинтересираните  страни дискутираа и предлагаа начини како да се намали просторот за корупција, приоритетизација на мерките и нивно испраќање до надлежните институции и медиумите и следење на нивното спроведување. Голем дел од мерките беа преземени, особено оние кои се однесуваа на давање независност на второстепената Државна комисија за жалби по јавни набавки која од капата на Владата се пресели во Парламентот, стекнување на независен правен статус на Бирото за јавни набавки, кое од капата на Министерството за финансии стана независен орган и сл. Проектот е финансиски поддржан од Balkan Trust for Democracy.

Намалување на корупцијата: Размена на искуства и добри практики во истражувачкото новинарство меѓу новинари од Македонија и Романија (2008-2009)
Во партнерство во Романскиот центар за истражувачко новинарство, 10 истражувачки новинари од Македонија се обучени од водечки тренери за истражувачко новинарство од Романија за напредните техники на истражувачкото новинарство. По обуката, новинарите престојуваа во романски медиуми каде заедно со свои колеги од Романија работеа на истражувачки приказни кои потоа ги објавија во своите медиуми во Македонија. Проектот резултираше со формирање на мрежа на истражувачки новинари во рамките на Центарот за граѓански комуникации. Проектот е финансиски поддржан од програмата Исток-Исток.

Серија обуки за новинари од локални медиуми за истражувачко новинарство и за известување за локалната власт (2008)
Центарот спроведе 4 регионални обуки за триесеттина новинари од локалните медиуми за унапредување на нивните способности и капацитети за истражување и известување за работата на локалната самоуправа во светло на зголемените ингеренции на локалната власт, а со тоа и зголемената улога на локалните медиуми за известување за прашања од интерес на граѓаните во општините. Проектот резултираше и со изработка на Водич за новинарско известување за претставници на локалните медиуми во Македонија. Проектот е финансиски поддржан од програмата за локална самоуправа на УСАИД Македонија.

Освен ова, Центарот за граѓански комуникации во изминатиот период објави серија Извештаи за корупцијата во Македонија (2005 и 2006), преку поддршка од Balkan Trust for Democracy, обучи цели новинарски редакции од 16 локални телевизии од земјава за известување за прашања од локален интерес, преку поддршка од Амбасадата на САД во Македонија, учествуваше во работниот тим експерти кои ја создадоа тригодишната државна стратегија за борба против корупцијата, во комисијата за доделување на наградите за добро владеење во Македонија и др.